**ПРАВИЛА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ НА ИНОФЕИТ ЕДИХ**

Правила за користење на услугите се составен дел на Јавниот повик објавен од ИНОФЕИТ ЕДИХ.

1. За користење на услугите на ИНОФЕИТ ЕДИХ корисниците аплицираат на начин и според процедури кои се објавени во Јавниот повик.

2. Пред аплицирањето за услуга на ИНОФЕИТ ЕДИХ, на корисниците им се препорачува да го контактираат ИНОФЕИТ ЕДИХ преку контакт формата за интерес на веб платформата или преку е-пошта contact@innofeit-edih.mk за да добијат дополнителни информации поврзани со услугите, нивната подобност, за процесот на аплицирање и усогласеноста на потребите на корисниците со содржината и обемот на услугите што може да ги обезбеди ИНОФЕИТ ЕДИХ.

3. Секоја апликација поминува низ процес на евалуација и корисникот ќе биде информиран за резултатот и понатамошните чекори. Евалуацијата се спроведува со цел објективна и недискриминаторска процена на подобноста на корисникот и можностите на ИНОФЕИТ ЕДИХ со своите капацитети,  услови за аплицирање и согласно барањата на корисникот, да спроведе услуги кои се во линија со податоците кои се наведени во апликацијата.

4. Категории на корисници кои се подобни за користење на услугите на ИНОФЕИТ ЕДИХ се следниве:
а. Микро, мали или средни претпријатија (МСП),
б. Институции од јавниот сектор кои не вршат економска дејност

5. Претставници на ИНОФЕИТ ЕДИХ ја разгледуваат Апликацијата и спроведуваат постапка за евалуација која ги опфаќа следните чекори:

> а**.** Административна проверка на документацијата**.** Се врши проверка на комплетноста на апликациската документација и нејзината усогласеност со условите од Јавниот повик. Доколку апликацијата е нецелосна или недостасуваат потребни информации или документи, ИНОФЕИТ ЕДИХ може да го контактира апликантот со барање за дополнување на документацијата во утврден рок.
>
> б. Проверка на прифатливоста на апликантот. Се врши проверка дали апликантот припаѓа на една од категориите на прифатливи корисници, согласно условите утврдени во Јавниот повик.
>
> в. Проверка на усогласеноста на секоја поединечна услуга од Апликацијата со содржината, обемот, временскиот план, капацитетите и другите елементи, од страна на

членот на конзорциумот кој ќе ја испорача бараната услуга со цел да се оцени дали ИНОФЕИТ ЕДИХ може да ја обезбеди бараната услуга на корисникот:

- Содржина: проверка дали апликантот бара услуга што членот на конзорциумот на ИНОФЕИТ ЕДИХ може да ја обезбеди (на пр. дали апликантот избрал обуки на теми што ИНОФЕИТ ЕДИХ ги организира преку своите активности и ангажирани предавачи, дали во ИНОФЕИТ ЕДИХ постојат експерти и опрема за спроведување на бараните услуги).

- Обем: проверка дали барањето за услуга е усогласено со обемот наведен во ценовникот (на пр. дали барањето за услуга може да се обезбеди во рамките на обемот дефиниран за таа услуга во каталогот на услуги).

- Временски план: проверка дали апликантот бара услуга која е поврзана и ограничена со специфичен временски план за нејзиното обезбедување (на пр. организирана групна обука или настан за вмрежување на чинители од иновацискиот екосистем).

- Капацитети: проверка дали апликантот бара услуга што може да се обезбеди во рамките на капацитетите со кои располагаат партнерите во конзорциумот (на пр. дали е потребна специфична опрема за спроведување на услугата, дали во ИНОФЕИТ ЕДИХ постојат експерти со соодветен профил достапни за извршување на бараната услуга итн.).

г. Процена на дигитална зрелост. За услугите *Тестирање пред инвестирање*, како и за оние услуги каде ИНОФЕИТ ЕДИХ ќе оцени дека е релевантно, задолжително се спроведува Процена на дигиталната зрелост на апликантот (*DMA – Digital Maturity Assessment*). Апликантите ќе бидат навремено повикани да учествуваат во процесот на проценка.

6. Аплицирањето за услугата *Тестирање пред инвестирање: Потврда за концепт и прототипи* се спроведува во две фази. Најнапред, апликантот задолжително ја пополнува он-лајн *Пријавата за искажување интерес*.

По завршувањето на административната проверка, *Пријавите за искажување интерес* за добивање на услугата *Тестирање пред инвестирање: Потврда за концепт* или *Прототипи* ќе бидат разгледувани и евалуирани од страна на Комисија (формирана од Извршниот одбор) на ИНОФЕИТ ЕДИХ, согласно со претходно утврдени насоки.

Комисијата ќе ги разгледува апликациите тековно и ќе се состанува редовно во определени временски интервали за евалуација. Корисникот ќе биде известен за резултатите од евалуацијата на *Пријавата за искажување интерес*.

Доколку *Пријавата за искажување интерес* биде позитивно оценета, апликантот треба да поднесе барање за услугата.

7. Ако апликацијата е целосно прифатлива, ИНОФЕИТ ЕДИХ, во договор со корисникот, ќе го започне процесот на обезбедување на бараните услуги. ИНОФЕИТ ЕДИХ може да обезбеди услуги само на корисник кој поднел целосно прифатлива апликација.

Секоја услуга ќе биде спроведена од член на конзорциумот кој, според јавно објавениот каталог на услуги, е задолжен за обезбедување на конкретната услуга. Доколку постојат повеќе членови на конзорциумот кои можат да ја обезбедат истата услуга, а апликантот не е изрично определен во Барањето од кого сака да ја добие услугата, тогаш предност за спроведување на услугата ќе има членот на конзорциумот кој го покрива регионот во кој е лоциран апликантот.

8. Доколку апликацијата не е прифатлива, ИНОФЕИТ ЕДИХ ќе му ги образложи на корисникот причините за неприфатливоста:

а. Неодговарање на категориите на подобни корисници – Во случај корисникот да не спаѓа во категориите на подобни корисници, ќе биде известен за причината.

б. Невозможност за обезбедување на некоја од услугите – Ако ИНОФЕИТ ЕДИХ, врз основа на проверката на бараните услуги, заклучи дека не може да обезбеди некоја од услугите, корисникот ќе добие повратна информација за причината.

в. Насоки за повторно поднесување на апликацијата – ИНОФЕИТ ЕДИХ може да даде насоки за апликантот повторно да ја побара таа услуга, со соодветно усогласување на елементите на барањето (содржина и обем на бараната услуга, временски план, потребни капацитети и други елементи што влијаат врз можноста на ИНОФЕИТ ЕДИХ да ја обезбеди бараната услуга). Корисникот може да ја испрати корегираната апликација повторно до ИНОФЕИТ ЕДИХ, согласно со добиените насоки.

г. Дополнителни можности за услуга – Доколку бараната услуга не е дел од каталогот на услуги на ИНОФЕИТ ЕДИХ, но постои можност таа да биде дополнително понудена во рамките на капацитетите на ИНОФЕИТ ЕДИХ или преку соработка со друг ЕДИХ или соодветен ентитет, ИНОФЕИТ ЕДИХ ќе го информира корисникот и ќе го контактира за дополнителни информации за можностите за спроведување на бараната услуга.

9. Процесот на давање на услуга ќе биде прекинат за корисниците кои ќе бидат повикани за Процена на дигиталната зрелост, а не одговорат на повикот во предвидениот рок.

10. Корисникот е должен во постапката на аплицирање да му ги достави на ИНОФЕИТ ЕДИХ сите информации потребни за известување на надлежното тело за доделување на помошта „de minimis“.

De minimis помош во смисол на добиена услуга од ИНОФЕИТ ЕДИХ се пресметува како 50% од вредноста на услугата утврдена со ценовникот. Корисникот ја добива услугата бесплатно.

11. Со поднесување на апликацијата за користење на услугите на ИНОФЕИТ ЕДИХ, корисникот се согласува со одредбите од овие Правила за користење на услугите.

12. Корисникот се обврзува да му обезбеди на ИНОФЕИТ ЕДИХ сите информации што се потребни за спроведување на услугата. Во случај кога е неопходно да се споделат информации од доверлив деловен карактер, поврзани со процесот на обезбедување на услугата, корисникот има право да побара дополнително потпишување на Договор за доверливост (*Non-Disclosure Agreement*, NDA), кој ќе се однесува на доверливите информации поврзани со конкретната услуга.

13. Корисникот се обврзува на целосна соработка со ИНОФЕИТ ЕДИХ во процесот на испорака на услугата и гарантира дека ќе ја користи бараната услуга во согласност со апликацијата која е одобрена. Корисникот ја прифаќа одговорноста во случај на неоправдано откажување од користењето на услугата, доколку истата добие статус на државна помош, согласно процесот на апликација и начинот на обезбедување на услугите на ИНОФЕИТ ЕДИХ, како што е опишано во Јавниот повик.

14. Доколку по почетокот на обезбедувањето на услугите на ИНОФЕИТ ЕДИХ, согласно апликацијата, се сменат околностите поради кои корисникот не е во можност да користи една или повеќе одобрени услуги или се најде во некој од критериумите на неподобност, корисникот е должен без одлагање да го извести ИНОФЕИТ ЕДИХ.

15. Корисниците на услугите се обврзани, доколку бидат повикани од ИНОФЕИТ ЕДИХ, да учествуваат во спроведување на Проценка на дигиталната зрелост. Оваа проценка е целосно бесплатна и се реализира преку пополнување на стандарден прашалник со поддршка од експерти на ИНОФЕИТ ЕДИХ. Проценката овозможува утврдување на нивото на дигитална зрелост на организацијата, идентификување на потребите и стратешките цели, како и на областите каде е потребна поддршка од ИНОФЕИТ ЕДИХ во процесот на дигитална трансформација.

Проценката се спроведува трипати: Пред обезбедувањето на услугата – во рамки на постапката за пријава на овој Јавен повик, доколку претходно не е спроведена; три месеци по завршување на услугата; меѓу 18-тиот и 24-тиот месец по завршување на услугата.

16. ИНОФЕИТ ЕДИХ ќе ги испорача договорените услуги на корисникот согласно прифатената апликација, почитувајќи ги највисоките професионални стандарди и етички принципи. Одговорноста за квалитетната и навремена испорака на секоја поединечна услуга ја сноси конзорциумскиот партнер кој е назначен како спроведувач на истата во рамки на ИНОФЕИТ ЕДИХ.

Сите можни нејаснотии, недоразбирања или отворени прашања што би можеле да се појават при реализацијата на услугите ќе се решаваат во духот на соработка и добра волја, преку договор помеѓу овластените претставници на ИНОФЕИТ ЕДИХ и корисникот.

17. Корисникот се согласува дека нема да го смета ИНОФЕИТ ЕДИХ за одговорен за каква било директна или индиректна штета што може да произлезе од обезбедувањето или користењето на услугите. Корисникот презема целосна одговорност за начинот на користење и примената на резултатите од испорачаните услуги.

18. Доколку корисникот смета дека е потребно, може да побара од ИНОФЕИТ ЕДИХ склучување на дополнителен договор за обезбедување на одредена услуга, со кој ќе се прошират општите одредби дефинирани со овие Правила за користење на услугите на ИНОФЕИТ ЕДИХ (во понатамошниот текст: Дополнителен договор). Предмет на Дополнителниот договор може да биде, на пример, договор за доверливост, договор за трансфер на технологија, договор за дополнителна одговорност и сл.

Корисникот е должен да го извести ИНОФЕИТ ЕДИХ за потребата од Дополнителен договор пред поднесувањето на Апликацијата и во самиот процес на аплицирање да достави предлог за таков договор. ИНОФЕИТ ЕДИХ, за секоја поединечна ситуација, ќе оцени дали условите дефинирани во Дополнителниот договор се прифатливи и за тоа ќе го извести корисникот во процесот на евалуација на Апликацијата.

Ако ИНОФЕИТ ЕДИХ утврди дека условите дефинирани во Дополнителниот договор не се прифатливи, Апликацијата ќе се смета за неприфатлива и нема да се започне со давањето на услугите. Корисникот ќе добие образложение за причините поради кои условите на Дополнителниот договор не се прифатливи.

Доколку ИНОФЕИТ ЕДИХ утврди дека условите се прифатливи, Дополнителниот договор ќе биде потпишан со партнерот на ИНОФЕИТ ЕДИХ кој е одговорен за обезбедување на конкретната услуга, по позитивната евалуација на Апликацијата, но задолжително пред почетокот на обезбедување на услугата. Услугите кои се предмет на Дополнителниот договор ќе се испорачуваат во согласност со овие Услови за користење и одредбите на самиот договор.

Корисникот го склучува Дополнителниот договор директно со членот на конзорциумот задолжен за обезбедување на услугата, како правен субјект кој ги презема правните обврски што произлегуваат од таквиот договорен однос. Овој договор не може да се применува на останатите членови на конзорциумот на ИНОФЕИТ ЕДИХ кои не се потписници на договорот.

19. ИНОФЕИТ ЕДИХ, при обезбедувањето на услугите, нема да полага никакви права, ниту ќе го лиши корисникот од било каков облик на интелектуална сопственост што му припаѓала пред почетокот на процесот на испорака на услугите. Целата интелектуална сопственост што му припаѓала на корисникот пред спроведувањето на услугата останува негова ексклузивна сопственост.

ИНОФЕИТ ЕДИХ му гарантира на корисникот дека резултатите од обезбедените услуги не содржат ограничувања поврзани со интелектуална сопственост од страна на членовите на конзорциумот на ИНОФЕИТ ЕДИХ. Корисникот има право слободно и без ограничувања да располага со резултатите од услугите, вклучително и нивна употреба за сопствени потреби и комерцијални цели.

20. Исклучок од точка 19 може да настане во ситуација кога ќе се утврди дека за испорака на услугата побарана со Апликацијата е потребен трансфер на интелектуална сопственост од некој од партнерите на конзорциумот на ИНОФЕИТ ЕДИХ кон корисникот.

Корисникот ќе биде известен за ова во текот на процесот на евалуација на Апликацијата и пред почетокот на обезбедувањето на услугата.

Во случај на таква ситуација, ИНОФЕИТ ЕДИХ ќе му понуди на корисникот можност за трансфер на правото за користење на интелектуалната сопственост на членот на конзорциумот на ИНОФЕИТ ЕДИХ преку соодветен Дополнителен договор, во согласност со дефиницијата во точка 18 (на пример, договор за лиценцирање на технологија и сл.), под услови за кои корисникот и ИНОФЕИТ ЕДИХ ќе се договорат спогодбено.

Доколку условите за трансфер на правото за користење на интелектуалната сопственост што ги нуди ИНОФЕИТ ЕДИХ не му се прифатливи на корисникот, тој може да се откаже од побараната услуга или да го измени барањето така што ИНОФЕИТ ЕДИХ ќе може да му ја обезбеди услугата на начин кој не бара трансфер на интелектуална сопственост од член на конзорциумот на ИНОФЕИТ ЕДИХ кон корисникот, доколку тоа е изводливо и возможно.

21. Корисникот се обврзува дека по целосната испорака на услугата формално ќе го потврди приемот на договорената услуга за потребите на известување на конзорциумот кон надлежните органи задолжени за спроведување на проектот на ИНОФЕИТ ЕДИХ (Европската комисија и Мистерството за дигитална трансформација).

22. ИНОФЕИТ ЕДИХ и корисникот ќе ги толкуваат Правила за користење на услугите со добра намера и со цел за реализација на услугите согласно со прифатената Апликација, и се обврзуваат сите евентуални спорови да ги решаваат договорно. Доколку не се постигне договор, процедурата ќе продолжи во надлежен суд.